Bojan Marichikj

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.04.07 14:24:39 +02'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-1001/1

Скопје, 06.04.2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за јавна набавка на стоки – набавка на клима уреди**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: набавка на клима уреди.

1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на клима уреди.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ **од** 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 590.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 480, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, но која нема да заврши со електронска аукција односно нема да се спроведе електронска аукција.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.
6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.
7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:
   - Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - Заменик претседател на комисија: Ана Стојова
   - Членови: - Ратко Ајчев
     - Теута Бериша

8. Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на стоки – набавка на клима уреди.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 590.000,00 денари.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Плаќањето ќе се изврши од  редовна буџетската сметка на Министерство за правда  637, Програма 10-Администрација, Ставка 480, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Министер за правда
М-р Бојан Маричиќ

Подготвил: Марина Миновска, советник
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification